Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр. Nr. 04-2822/73
18-09-2020
Скопје-Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 14 од Правилникот за упатување на лица на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр. 04-4001/1 од 06.08.2014 година, бр.01-1187/1 од 16.02.2015 година и 02-2822/1 од 12.06.2020 година, министерката за одбрана донесе

## РЕШЕНИЕ

**за избор на лице на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката**

1. За **Офицер за безбедност и разузнавање во Канцеларијата на воената мисија на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ во Брисел, Кралство Белгија** за период до 4 (четири) години:

**- потполковник Петар Ташевски од ВП 2990 Скопје**

2.Реализација на решението да извршат Секторот за човечки ресурси, Секторот за меѓународна соработка и Генералштабот на Армијата со преземање на активности кои се однесуваат на пријавувањето, добивањето согласност/нотификација, подготовката со избраниот кандидат и следење на текот на неговото работење.

3.Решението да се објави на веб страната на Министерството за одбрана.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

За наведеното работно место, за кое беше распишан Интерен оглас бр.04-2822/18 од 22.06.2020 година, Комисијата за спроведување на постапка по интерен оглас за упатување на работа во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили, формирана со Решение на министерката за одбрана бр.02-4938/13 од 05.09.2018 година и Решение за измена на решение бр.02-5911/2 од 07.10.2019 година, состави Записник бр.03-2822/65 од 14.07.2020 година и Записник бр.04-2822/66 од 16.07.2020 година кои ги достави до државниот секретар и Кабинетот на министерката за одбрана.

Согласно член 12 став (8) од Правилникот за упатување на лица на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката,

команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката, составена е Ранг листа бр.04-2822/72 од 16.09.2020 година од државниот секретар.

Согласно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Пријавените кандидати на конкурсот имаат право на жалба до министерката за одбрана во рок од пет работни дена од денот на објавување на ова решение.

Изработил:Тони Костески
Контролирал:Ирена Станковска
Согласен:Афрдита Волина
Одобрил:Драган Николиќ

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
**Радмила Шекеринска Јанковска**

Доставено до:
- Именуваниот;
- Кабинет на министерката за одбрана;
- Пријавените кандидати на огласот;
- Државен секретар;
- Генералштаб на АРСМ;
- Сектор за меѓународна соработка;
- Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка;
- Сектор за човечки ресурси и
- Архива.